# ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКА КУЛТУРА

## УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА ЗА СТАРТАПИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА



# ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКА КУЛТУРА

## УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА ЗА СТАРТАПИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

Автор: Никица Кусиникова, СЕГ Холдинг

СКОПЈЕ, 2020 ГОДИНА

Овој извештај е изготвен во рамките на проектот *Зајакнување на социјалниот дијалог*, што се финансира од Европската унија и се спроведува од Меѓународната организација на трудот.

Содржината на документот е исклучива одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската Унија и на Меѓународната организација на трудот.

СОДРЖИНА

1. Резиме ... 5
2. Тековна состојба ... 6
3. Контекст ... 7
3.1. Општ преглед на претприемачката култура ... 7
3.2. Јавни политики поврзани со услуги за поддршка на претприемништвото и на стартапите ... 9
3.3. Услуги за поддршка за стартапи и претпријатија ... 10
3.3.1. Финансиска поддршка за претприемачите ... 10
3.3.2. Нефинансиски услуги за поддршка ... 11
4. Меѓународна соработка ... 16
5. Влијание ... 18
6. Опции на политики ... 19
6.1. Подобрување на нефинансиските услуги ... 20
6.1.1. Сеопфатна процена на потребите на потенцијалните претпријатија, стартапите и малите претпријатија ... 20
6.1.2. Поддршка на диверзификацијата, опсегот и достапноста на нефинасиските услуги ширум земјата ... 20
6.1.3. Подобрување на квалитетот преку мониторинг и евалуација ... 22
6.2. Подобрување на инфраструктурата на нефинансиска поддршка (даватели на услуги) ... 22
6.2.1. Поддршка на одржливоста на давателите на нефинансиски услуги ... 22
6.2.2. Подобрување на квалитетот на претприемачкото учење во формалното образование ... 23
6.2.3. Олеснување на координацијата меѓу и низ секторите и давателите на услуги ... 23
7. Препораки за политики ... 24
8. Оправданост ... 24
9. Спроведување ... 25
10. Мониторинг и евалуација ... 25

## 1. РЕЗИМЕ

Потребно е високо ниво на претприемачка култура и активност за да се постигне динамичен и одржлив социо-економски развој. Потребно е да се развива претприемачкиот став и вештини за целосно искористување на домашниот претприемачки потенцијал. Тоа може да се постигне преку развивање инфраструктура за сеопфатна поддршка за да се подобрат претприемачките вештини на новите претприемачи во сите фази од развојот на претпријатието.

Сепак, претприемачката култура не е подобрена, а претприемачката активност постојано опаѓа. Потенцијалните претприемачи сè повеќе се плашат од неуспех и изразените намери за основање претпријатие не кореспондираат со конкретната претприемачка активност. Во последните неколку години, опфатот и опсегот на политиките за нефинансиски деловни услуги за стартапите се подобриле и нивното влијание допрва треба да се мери. Идентификувани се предизвици во однос на изготвувањето и спроведувањето на политиките насочени кон стартапите, во однос на значајни инвестиции во понудата и побарувачката за да се добијат разновидни и квалитетни нефинансиски деловни услуги за поширок број нови и мали претпријатија, како и во однос на квалитетот на образовниот систем за да генерира идни претприемачи. Во тој контекст, организациите на работодавачите предлагаат политики во два главни сегменти: 1) подобрување на услугите за нефинансиска поддршка што им се достапни на стартапите и малите претпријатија, и 2) подобрување на структурата на нефинансиската поддршка, вклучувајќи претприемачко учење во рамките на формалното образование.

| 1. Подобрување на нефинансиските услуги за поддршка | 2. Подобрување на инфраструктурата на нефинансиската поддршка |
| --- | --- |
| 1.1. Сеопфатна процена на потребите на потенцијалните, стартапите и малите претпријатија | 2.1. Поддршка на одржливоста на давателите на нефинансиски услуги |
| 1.2. Поддршка на диверзификацијата, опсегот и достапноста на нефинасиските услуги ширум земјата | 2.2. Подобрување на квалитетот на претприемачкото учење во формалното образование |
| 1.3. Подобрување на квалитетот преку мониторинг и евалуација | 2.3. Олеснување на координацијата меѓу и низ секторите и давателите на услуги |

Предлозите за политики се засноваат врз следниве основни начела: а) програмите за развој на претприемништвото треба да се стремат да обезбедат инфраструктура за нефинансиска поддршка што може да им служи на новооснованите претпријатија; б) давателите на деловни услуги треба да добијат поддршка за да можат да обезбедат разновидна понуда на стартапите и претпријатијата во сите индустрии и во различните фази од нивниот развој; в) политиките треба подеднакво да ги поттикнуваат јавните и приватните даватели на услуги и да ја олеснат координацијата и комплементарноста меѓу нив; г) политиките за поддршка на нефинансиските услуги треба да бидат придружени со квалитетно претприемачко учење во формалното образование и политиките треба да ја олеснат прекумерната регулираност и товарот за новите претприемачи; и д) мерките за поддршка треба да овозможат флексибилност, експериментирање со различни пристапи и можности за раст и одржливост на давателите на услуги.

Предложените опции на политики се комплементарни со новодонесените политики во оваа област и целосно ги поддржуваат нивните цели. Тие можат да се спроведуваат во фази и треба да поттикнат поширока вклученост и консултации со сите клучни засегнати страни, образовни институции, министерства, агенции, организации на работодавачи и

комори, даватели на услуги, при нивното изготвување и спроведување. Политиките за поддршка на претпријатијата треба да се спроведуваат на децентрализиран начин во согласност со можностите и капацитетите со цел услугите да бидат доставени колку што е можно поблиску до претприемачите.

## 2. ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Потребно е високо ниво на претприемачка култура и активност за да се постигне динамичен и одржлив социо-економски развој. Поради тоа, земјите во светот му даваат приоритет на развојот на претприемништвото во рамките на нивните економски политики. За да се постигне тоа, покрај пристапот до финансии, потребно е да се развива претприемачкиот став и вештини за целосно искористување на домашниот претприемачки потенцијал. Оттука, градењето инфраструктура за поддршка на новите претприемачи да ги подобрат своите претприемачки вештини во сите фази од основањето и растот на претпријатието е еден од клучните елементи на овие политики.

Значителните напори на Република Северна Македонија за подобрување на условите за почнување бизнис се препознаени во меѓународните извештаи, како што се „Дуинг бизнис" на Светската банка, во кој во 2020 година, земјата беше рангирана на 17 место меѓу 190 економии[1]. Во оваа смисла, земјата е еден од лидерите во регионот според условите за водење бизнис. И покрај тоа, претприемачката култура не забележала значително подобрување и бројот на новоотворени претпријатија е само незначително зголемен. Претприемачката активност постојано се намалува, придружена со идентификуван родов јаз[2]. Постои јаз меѓу претприемачките намери и претприемачката активност, како и страв од неуспех[3]. Како што е наведено во Индексот на политики за МСП: Западен Балкан и Турција 2019 година, земјата постигнала умерен напредок во спроведувањето на европскиот Акт за мали претпријатија во политиките со конзистентно подобрување во деловното окружување и со растечки финансиски ресурси за широк опсег на програми за поддршка[4]. Во последните неколку години, опсегот на нефинансиските услуги за стартапите и малите претпријатија се подобрил во однос на големината и диверзификацијата на понудените услуги и оценети се со значајно подобрување на оценката од 2,94 во 2016 година на 2,96 во 2019 година (на скала од 1 до 5)[5].

Работодавачите препознаваат дека постои подобрување во финансирањето и спроведувањето на поширокиот опсег на програми за поддршка на претприемништвото и дека се донесени некои од препораките за кои работодавачите се залагаа во последниве неколку години. Во секој случај, потребен е посистематски и покоординиран пристап за да се задоволат потребите на стартапите и на малите претпријатија. Покрај подобрувањето на севкупниот социо-економски контекст, а особено на владеењето на правото и правичното окружување за сите бизниси, за долгорочно зајакнување на претприемачката култура и вештини, потребно е следново: а) да се зајакне правната сигурност во водењето бизнис и да се премости јазот во знаењето; б) да се обезбеди суштинска нефинансиска поддршка што ќе биде достапна за поширок опсег на стартапи и мали претпријатија во индустриските сектори; в) политиките во оваа област да се засноваат врз солидна и постојана процена на потребите на претпријатијата и организациите за поддршка, како и систематско следење и оценување на квалитетот и влијанието; г) да се обезбеди

1 Doing Business 2020, Светска банка
2 Global Entrepreneurship Monitor, Профили на економии, 2019 г.
3 Ibid.
4 SME Policy Index, Western Balkans and Turkey 2019, Assessing the implementation of the Small Business Act for Europe, OECD
5 Ibid.

поширока и поразновидна понуда на нефинансиски услуги преку повеќе јавни и приватни даватели на услуги; д) да се поддржи одржливоста на јавните и приватните даватели на нефинансиски услуги за да се зголеми опфатот, квалитетот и опсегот на нивните услуги за поддршка; ѓ) да се промовираат добри примери и да се изградат врски со успешни локални претприемачи, и е) да се овозможи флексибилност во дизајнирањето и испорачувањето на политиките и програмите за поттикнување на давателите на нефинасиски услуги да бидат иновативни и да експериментираат со пристапите за подобро да ги исполнат потребите на претпријатијата.

Покрај тоа, од суштинско значење е образовниот систем на сите нивоа да ја поттикнува претприемачката култура и да гради практично знаење и претприемачки вештини кај идните генерации претприемачи. Иако формално е воведено во наставната програма на сите образовни нивоа, спроведувањето на претприемачкото учење во рамките на формалното образование заостанува во однос на опсегот, квалитетот и ефективноста. Формалното образование во земјата (особено средното – општо и стручно образование и обука, и високото образование) не произведува релевантни претприемачки вештини, и поради тоа, давателите на нефинансиски услуги се подложени на дополнителен товар да компензираат за недостатоците на системот. Потребно е да се подобри спроведувањето на политиките во таа смисла, особено во однос на обуката на наставниците и вклучувањето на претприемништвото во кариерното насочување[6]. Покрај формалната наставна програма, работодавачите веруваат дека образовниот систем треба да негува и да поттикнува култура на проактивен пристап, креативност, самоиницијативност и независност, што е неопходно за успехот на претприемачите.

Понатаму, потребна е подобрена координација меѓу секторите и засегнатите страни. Сите клучни засегнати страни во обезбедувањето претприемачки вештини (формални и неформални) треба да бидат вклучени во процената на потребите и изготвувањето политики и програми во оваа област. Треба да се поттикнува соработката меѓу образовните институции, релевантните јавни органи, давателите на финансиски и нефинансиски услуги и приватниот сектор за да се создаде витален и одржлив систем за поддршка што ќе ги поддржи стартапите и растот на претпријатијата.

# 3. КОНТЕКСТ

## 3.1. Општ преглед на претприемачката култура

Во последните неколку години, Северна Македонија презеде значителни напори за подобрување на условите за почнување бизнис, што беше признаено и во глобалните индекси. Додека во 2012 година, земјата беше рангирана на 23 место во студијата на Светската банка „Дуинг бизнис“, во 2019 година извештајот ја рангираше земјата на 10тото, и на 17тото место во 2020 година меѓу 190 земји[7]. Што се однесува до Индексот на економска слобода, во 2020 година, земјата беше рангирана на 41 место како умерено слободна[8], со пад од претежно слободна во последните неколку години. Главните фактори што ја попречуваат деловната активност според извештајот на Индексот на глобалната конкурентност 2016-2017 година се нестабилноста на политиките (14,8 проценти), пристап до финансии (13,5 проценти), несоодветно едуцирана работна сила (12,6 проценти), слаба работна етика на работната сила (11,3 проценти) и неефикасноста

6 SME Policy Index, Western Balkans and Turkey 2019, Assessing the implementation of the Small Business Act for Europe, OECD
7 Doing Business 2019: Training for reform and Doing Business 2020, The World Bank Group
8 2020 Index of Economic Freedom, World Heritage Foundation, 2020

на владината бирократија (10,7 проценти).

Покрај забележаните позитивни напори, достапните студии и мислења на експертите и практичарите во полето[9] укажуваат дека претприемачката култура не е подобрена, нивоата на претприемачка активност не се зголемени и бројот на активни претпријатија во земјата е само незабележително зголемен. Тоа е забележено и во Глобалното истражување на претприемништвото (ГЕМ) што ја разгледува можноста за претприемачка активност во текот на неколку години. Нивното мерење на Вкупната претприемачка активност во рана фаза (TEA) на Глобалното истражување на претприемништвото забележува постојано намалување на претприемачката активност во Северна Македонија од 14,5 проценти во 2010 година, на 6,63 проценти во 2013 година, 6,5 проценти во 2016 и 6,18 проценти во 2019 година. Кај мажите има 2,5 пати поголема веројатност да почнат бизнис отколку жените, што укажува на родов јаз во оваа област[10]. Мотивацијата за почнување бизнис во земјата сè уште е поттикната од нужност (7 од 10 претприемачи) наместо искористување на деловната можност, што води до најниско рангирање на Мотивацискиот индекс според ГЕМ[11]. Тоа се потврдува и од анкетата на МОТ од 2016 година[12] што укажува дека примарните мотиви на претприемачите да основаат ново претпријатие е да станат самите свои шефови и флексибилноста во работењето што ја нуди сопствениот бизнис.

Извештајот за Глобалната конкурентност 2019 на Светскиот економски форум исто така ја мери претприемачката култура во 141 економии и Северна Македонија е рангирана на 129 место. Недоволно развиената претприемачка култура е идентификувана преку неколку параметри:

**Табела 1: Показатели на претприемачка култура**

| | Вредност (1-7, каде 7 е најдобра вредност) | Рангирање |
|---|---|---|
| Ставови кон претприемачки ризик | 3.1 | 134 |
| Волја за делегирање на авторитет | 3.9 | 115 |
| Раст на иновативни претпријатија | 3.5 | 117 |
| Претпријатија што прифаќаат „подривачки“ идеи | 3.0 | 129 |

*Извор: Извештај на Индексот на Глобалната конкурентност 2019, Светски економски форум*

Според ГЕМ, општествените вредности кон претприемништвото се подобриле, односно, поголем процент од населението верува дека претприемачите уживаат повисок општествен статус и тоа е посакуван избор за кариера. Сопствената перцепција на претприемачите во последните години се движи во позитивна насока во однос на можностите и способностите за почнување бизнис. Додека во 2016 година, 38,36 проценти од населението виделе добра можност за основање претпријатие онаму каде што живеат, тој процент се зголемил на приближно половината од населението во 2019 година (50,49 проценти). Во 2019 година, 60,87 проценти веруваат дека ги поседуваат потребните вештини и способности за да почнат бизнис во споредба со 54,50 проценти во 2016 година. Во исто време, има зголемен страв од неуспех кај потенцијалните претприемачи и намалена намера за почнување бизнис во следните три години (Табела 2).

9 Експерти и практичари кои беа интервјуирани во рамките на оваа анализа
10 Стратегија за развој на женското претприемништво на РСМ 2019-2023, Министерство за економија, 2018 г.
11 Global Entrepreneurship Monitor, Глобален извештај 2016/17 г.
12 Национална Стратегија за МСП 2018-2023 г.

**Табела 2. Сопствена перцепција, Претприемачко однесување и ставови**

| Година | 2016 | 2019 |
|---|---|---|
| **Перцепции на можности**<br>(процент од населението (18-64г.) кои гледаат добро можности за основање фирма во областа каде што живеат, со исклучок на лицата вклучени во претприемачка активност во која било фаза) | 38.36% | 50.49% |
| **Перцепција за способности**<br>(процент од населението (18-64г.) кои веруваат дека ги имаат потребните вештини и знаење за почнување бизнис, со исклучок на лицата вклучени во претприемачка активност во која било фаза) | 54.50% | 54.50% |
| **Страв од неуспех**<br>(процент од населението (18-64г.) кои наведуваат дека стравот од неуспех ги спречува да почнат бизнис, со исклучок на лицата вклучени во претприемачка активност во која било фаза) | 34.44% | 47.22% |
| **Претприемачки намери**<br>(процент од населението (18-64г.) кои се латентни претприемачи и кои имаат намера да почнат бизнис во наредните три години, со исклучок на лицата вклучени во претприемачка активност во која било фаза) | 24.85% | 20.28% |

*Извор: Глобално истражување на претприемништвото, економски профили*

## 3.2. Јавни политики поврзани со услуги за поддршка на претприемништвото и на стартапите

Како што беше идентификувано во претходната анализа[13], Владата воведе неколку реформи, политики и програми за поттикнување на претприемништвото, намалување на пречките за стартапите, обезбедување финансиска поддршка и развој на услуги за поддршка на новооснованите претпријатија. Развојот на малите и средните претпријатија (МСП) е една од целите на Стратегијата за конкурентност на Република Северна Македонија 2016-2020 година. Еден од клучните документи во оваа област е Национална стратегија за МСП 2018-2023 година во согласност со Актот за мали претпријатија на Европската Унија. Меѓу другото, страгегијата ги вклучува целите и мерките за подобрување на услугите за деловен развој за МСП во однос на ефикасноста, влијанието и нивната адекватност на потребите и можностите на МСП. Предвидените мерки вклучуваат: а) воспоставување едношалтерски систем каде МСП ќе можат да добијат информации, да побараат лиценци и дозволи; б) програма за обука за управување со бизнисот за претпријатија кои се управувани и се во сопственост на млади лица; в) наменска поддршка на претпријатијата во ИТ секторот и зелената економија; г) подобрување на пристапот до програмите на ЕУ за МСП; д) услуги за менторство; ѓ) основање научно-технолошки паркови и инкубатори за иновации, итн. Мерките треба да бидат придружени од систем за следење и оценување на ефективноста на услугите за развој на претпријатијата.

Националната Стратегија за развој на женското претприемништво 2019-2023[14] беше донесена во 2019 година за наменска поддршка на жените претприемачи. Стратегијата предвидува фокусирани, наменски услуги за поддршка на жените кои се занимаваат со

13 Поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Северна Македонија, Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ), април 2019 г.
14 Националната Стратегија за развој на женското претприемништво на РСМ 2019-2023, Министерство за економија, 2018

претприемачки активности, како што се: а) олеснет пристап до финансии, подобрување на знаењето и вештините на жените претприемачи, поддршка на преминот од невработеност кон самовработување и од вработен во претприемач итн .; б) наменски програми за образование и обука, услуги за развој на претпријатија, инкубатори, соработка со локалната самоуправа и образовните институции и в) промовирање, вмрежување и застапување.

Претприемачкото образование е исто така важен сегмент од политиките што ги развиваат капацитетите и претприемачките ставови меѓу потенцијалните претприемачи. Работодавачите и давателите на услуги за стартапи се согласуваат дека образованието е клучно за развојот на претприемачката култура. Во 2014 година, Владата ја донесе Стратегијата за претприемачко учење во РСМ 2014-2020г., која ги опфаќа сите нивоа на формално образование, како и неформалното образование. Иако клучните претприемачки компетенции се интегрирани во наставната програма на формалното образование на сите образовни нивоа, главните засегнати страни веруваат дека спроведувањето на политиките во оваа област заостанува во однос на опсегот, квалитетот и ефективноста. Постои јаз во обуката на наставниците (пред и во тек на работата) за претприемачките ставови и размислувања и кариерното советување не го интегрира претприемништвото како кариерен избор за младите, особено во средното образование, вклучително и стручно образование и обука[15]. Во Стратегијата за МСП 2018-2023г., исто така, се изразуваат заложби за проширување на претприемачкото учење на сите образовни нивоа. Тука се нагласува соработката помеѓу индустријата, образованието и научно-истражувачката заедница која започна да се подобрува во последните неколку години, иако далеку од нивото потребно за динамичен претприемачки еко-систем.

## 3.3. Услуги за поддршка за стартапи и претпријатија

Препознавајќи колку е значајно да се поддржат новите претприемачи, во последната деценија се бележи постојано зголемување на понудата на финансиски и нефинансиски услуги за стартапите и за МСП. Во последните неколку години се појавија нови финансиски инструменти и поразновидни услуги за развој на претпријатијата, како резултат на директната поддршка од владата и од странски донатори, како и на подоброто разбирање на потребите на претприемачите.

### 3.3.1. Финансиска поддршка за претприемачите

Големината и опсегот на финансиската поддршка за претприемачите се зголеми со текот на годините, пред сè од владини и странски донаторски извори, додека финансиската поддршка од приватни извори сè уште е незначителна и не соодветствува на потребите. Годишните буџети за Програмата на Министерството за економија за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновациите на МСП се зголемиле во последните неколку години од 4.300.000 денари во 2013 година на 38.390.000 денари во 2018 година[16] и на 53.180.000 денари во 2019 година[17]. Проектираните финансиски средства за 2020 година изнесуваат 47.940.000 денари[18]. Програмите за самовработување на Агенцијата за вработување се сметаат за едни од најуспешните активни мерки за вработување преку

15 SME Policy Index, Western Balkans and Turkey 2019, Assessing the implementation of the Small Business Act for Europe, OECD
16 Програма за конкурентност, иновации и и претприемништво 2018 г., Министерство за економија, Службен весник 17/2018
17 Програма за конкурентност, иновации и претприемништво 2019 г., Министерство за економија, Службен весник 16/2019
18 Програма за конкурентност, иновации и претприемништво 2020 г., Министерство за економија, Службен весник 277/2019

кои се обезбедува неповратна помош од 5,000 евра за нови претприемачи во опрема и суровини. Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР), кој обезбедува финансиска поддршка за домашните претпријатија да ја подобрат иновативноста и технолошкиот развој за стартапи, микро и мали и средни претпријатија, од 2018 година значително го зголеми својот опсег и финансиската помош што ја нуди. До март 2020 година, ФИТР пријавил вкупно инвестициско портфолио од 63.740.890 евра, од кои 36.740.890 евра се софинансирани од ФИТР, додека останатите се сопствени финансиски средства на корисниците. Фондот обезбедил услуги на 343 претпријатија, 52% од нив биле стартапи, а најголемиот број од околу 34% биле претпријатија во ИТ индустријата. Покрај мерките во рамките на Столбот III од Планот за економски раст на Владата, ФИТР обезбедува софинансирање најмногу до 85% од трошоците на проектот (до 30.000 евра) за иновативни проекти кои се во фаза на потврден концепт или предкомерцијална фаза на стартапи и „спиноф“ претпријатија; софинансирање и условени заеми од 60-70% од проектните трошоци (до 325.000 евра) за МСП за комерцијализација на иновации и софинансирање за проширување на технологијата до 50% од проектните трошоци (најмногу 500.000 евра).

Странските донатори, исто така, канализираа значителна финансиска поддршка преку разни развојни програми и посреднички организации. Швајцарската агенција за развој и соработка обезбедува грантови за стартапи преку неколку проекти во соработка со Центрите за развој на регионите, како што е „Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој“ (грантови за иновативни деловни проекти преку деловниот центар за поддршка и консалтинг услуги за МСП на Центарот за развој на скопскиот регион), Програмата за зачувување на природата во соработка со Центарот за развој на источниот плански регион, итн.

Кај поголемиот број инструменти за финансиска поддршка, финансиските средства се комбинирани со нефинансиски услуги за поддршка, градење капацитети, итн.

### 3.3.2. Нефинансиски услуги за поддршка

Во последните неколку години, опсегот на нефинансиските услуги достапни за стартапите и претприемачите станал поразновиден и вклучува почетни обуки за изготвување деловен план и разни видови деловна поддршка и правни услуги, менторство и сè почесто, поддршка за интернационализација, иновативни решенија за обновливи извори на енергија, итн.[19] Тие се спроведуваат преку организации за деловна поддршка, развојни проекти со странска помош, како и програми финансирани од владата. Напредокот во оваа област е забележан од Индексот на политики за МСП на ОЕСР каде, на скала од 1 до 5 (најдобро работење), резултатот значително се подобрил од 2,94 во 2016 година на 3,96 во 2019 година[20]. Поголемиот број на даватели на услуги за деловен развој се наоѓаат во Скопје и се со зголемен фокус на ИТ и иновации[21]. Што се однесува до сопственоста и правниот статус, постојните даватели на услуги за нефинансиска поддршка вклучуваат:

- Јавни даватели на услуги, од кои најистакната е Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (АППРСМ), а во некои случаи и Центрите за регионален развој и АВ;
- Приватни субјекти, каде мнозинството од давателите на услуги се регистрирани како непрофитни субјекти (здруженија или фондации, комори) и неколку приватни друштва;

19 Национална Стратегија за МСП 2018-2023
20 SME Policy Index, Western Balkans and Turkey 2019, Assessing the implementation of the Small Business Act for Europe, OECD
21 Ibid.

– Јавно-приватни партнерства, како што е бизнис акцелераторот УКИМ формиран преку партнерство меѓу академската заедница, приватниот и јавниот сектор.

### Видови и опсег на нефинансиските услуги

Јавните и приватните чинители обезбедуваат широк дијапазон нефинансиски услуги, како што се следниве:

- *Предакцелераторски и акцелераторски програми*

  Вакви програми нудат неколку даватели на услуги, како што се CEED Hub, Бизнис акцелератор УКИМ, Сеавус Акцелератор и XFactor Акцелератор во Велес. Додека CEED Hub обезбедува услуги за сите економски сектори, некои даватели на услуги, како што е Сеавус Акцелераторт се фокусираат само на одредени сектори (ИТ или технолошката индустрија), а XFactor Accelerator и Бизнис акцелератор УКИМ се фокусираат на стартапите засновани врз иновации во индустриите со голем потенцијал за раст. Покрај тоа што обезбедуваат услуги за „традиционални" претпријатија, некои од давателите на услуги, на пример, CEED Hub изготвиле акцелераторски програми за социјални претпријатија, жени и млади претприемачи.

  CEED Hub одбезбедува групни акцелераторски и предакцелераторски програми за стартапи и МСП по кои следува индивидуална работа со компании според нивните потреби во времетраење од 12 недели. Програмите се надополнуваат со други услуги за поддршка, како што е тримесечен бесплатен канцелариски простор, менторство, сесии за презентирање, почетно финансирање со можност за финансирање преку бизнис-ангели, итн. Акцелераторската програма на Сеавус Акцелераторот се организира во период од 8 недели и им помага на стартапи во рана фаза кои веќе имаат прототип и се веќе регистрирани претпријатија. Програмата е придружена со презентација пред инвеститори со можност за финансиска поддршка.

  Сите предакцелераторски и акцелераторски програми се комбинација на нефинансиски услуги со финансиска поддршка во опсег од 5.000 до 100.000 евра. Секоја од акцелераторски програми нуди услуги за 10 до 50 претприемачи/претпријатија секоја година.

- *Бизнис инкубатори*

  Понудата на услугите на бизнис инкубаторите е ограничена во земјата. Најистакнатиот бизнис инкубатор е Фондацијата ПСМ (Претприемачки сервис за млади) која се грижи за потребите на младите претприемачи. Тие обезбедуваат целосен пакет на опремен канцелариски простор со покриени режиски трошоци, бесплатно користење на сала за состаноци до 3 часа месечно, менторство, консултации и поддршка, промоција на претпријатието, техничка поддршка, воспоставување деловни контакти, итн.

  Некои од другите организации за поддршка на претпријатијата, на пример, CEED, обезбедуваат простор што новите претприемачи може да го споделуваат при секојдневното работење. Меѓутоа, овие услуги не се толку разновидни и достапни низ целата земја, како некои други нефинансиски услуги, пред сè, поради поголемата потреба за инвестиции во физичката инфраструктура и оперативните трошоци.

- *Поддршка за изготвување почетни деловни планови*

  Речиси сите јавни и приватни даватели на деловни услуги нудат поддршка за

изготвување деловни планови за нови претпријатија. Оваа услуга се нуди преку обуки, работилници, директни консултации, менторство или преку комбинација на методи. Тие често се дел од предакцелераторските и прединкубациските програми, или се вклучени како задолжителен чекор за добивање финансиска поддршка, како што е програмата за самовработување што ја спроведува Агенцијата за вработување. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија - АППРСМ (преку регионалните центри за развој на МСП), во рамките на својот систем со ваучери, обезбедува 100% субвенционирани советодавни услуги за невработените потенцијални претприемачи. Според нивниот годишен извештај за 2019 година, најголемиот број издадени ваучери се однесувале на општо советување за изготвување деловен план (17 од 56)[22].

- ***Подобрување на претпримачкото знаење и вештини што ги надминуваат почетните деловни планови***

Достапни се разновидни програми за градење капацитети, работилници, советувања и слично за стартапите и претпријатијата да ги подобрат своите претприемачки вештини. Тие најчесто се „скроени“ според потребите на конкретни корисници и често се засновани врз процена на потребите што се спроведува како дел од програмата. Најчесто преовладуваат следниве теми: а) општо управување, како што е финансиско управување, продажба и маркетинг, управување со производи; б) правно советување; в) пристап до пазарот, вклучувајќи примена на стандардите за квалитет; г) подготвеност за инвестирање; д) иновации. Додека услугите за општи вештини за управување при основање и раст на претпријатие преовладуваа до пред неколку години, сега тие сè повеќе се надополнети со специјализирани обуки и советување за интернационализација, технологија и иновации, зелена економија, итн.

Ваучерите за советодавни услуги што ги нуди АППРСМ нудат широк дијапазон на општо и специјализирано советување; минатата година 20 од 56 ваучери беа за специјализирано советување. Акцелераторските програми најчесто комбинираат групни обуки за општо управување со поединечно советување и тие се изготвени според конкретни потреби. Некои, на пример CEED Hub, исто така, обезбедуваат поединични консултации за стартапите што не се дел од акцелераторската програма за да подобрат некои аспекти од нивните претпријатија. За веќе етаблираните претпријатија, ЦЕЕД Македонија нуди специјализирани обуки за менаџмент. Македонија 2025 и NewMan’s бизнис акцелераторот служат како посредник за професионален развој на персоналот на претпријатието во странство (најчесто во САД и Канада). Конект и неговиот Клуб на одговорни бизниси обезбедуваат специјализирани обуки на теми поврзани со корпоративна општествена одговорност (деловни и човечки права, деловен интегритет, итн.) за да ги подготват претпријатијата за барањата на глобалните синџири на снабдување.

Стопанските комори и организациите што функционираат врз основа членство исто така обезбедуваат обуки и образование, како и наменски пристап за посебни групи, како што е Здружението на жени менаџери. Организациите на посебните индустрии нудат конкретни обуки поврзани со соодветната индустрија. Организациите на работодавачите нудат советување за прашања кои се однесуваат на трудовото законодавство и практики. Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) го проширува портфолиото на нефинансиски услуги со менаџерски обуки

22 Извештај за спроведувањето на Програмата за развој на претприемништво, конкурентност и иновации за малите и средните претпријатија во 2019 година, Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија.

и правно советување за разни прашања со зголемен фокус на пристапот до странски пазари. Асоцијацијата за човечки ресурси нуди специјализирани обуки за управување со човечки ресурси. Центрите за регионален развој организираат обуки и менторство за претприемачки вештини во зависност од потребите и тековните програми што ги спроведуваат.

- *Менторство*

Менторството сè повеќе се препознава како суштински дел од нефинансиските услуги и давателите на услуги сметаат дека менторството е од суштинско значење за поддршка на растот на стартапите. Соодветно на тоа, речиси сите даватели на услуги за развој на претпријатијата вклучија индивидуално менторство за стартапи и претпријатија. Пристапот и опсегот на менторството варира со достапноста на домашни, како и на странски ментори. На пример, АВ обезбедува менторска поддршка за групите во ризик кои се дел од програмата за самовработување. Од пред две години, како дел од регионалниот проект поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), АППРСМ почна со Програма за менторство според искуството и методологијата на јапонската економија и ја спроведува на локално ниво преку сертифицирани ментори од регионалните центри. Во 2019 година, 28 претпријатија добија менторски услуги, а половина од нив биле стартапи. Фондот за иновации и технолошки развој исто така обезбедува менторство и професионален развој за корисниците на нивните програми за финансирање. Приватните даватели на услуги најчесто нудат менторство за млади претприемачи и стартапи преку искусни претприемачи (Бизнис акцелератор УКИМ, Start Up Macedonia, CEED Hub, Фондација YES, XFactor Accelerator, итн.).

- *Подобрување на пристапот до пазарите и до финансии*

Некои од организациите за поддршка на претпријатијата, како дел од нивните програми, ги поддржуваат стартапите и претпријатијата да пристапат до домашни и меѓународни пазари, како и да пристапат до разни можности за финансирање (покрај директната финансиска помош што ја обезбедуваат). Овој вид поддршка е различен. Сеавус акцелераторот, како дел од акцелераторските програми опфаќа теми за подготвеност за инвестирање и ги подготвува корисниците да се претставаат себеси пред странски инвеститори. CEED Hub има интензивни сесии за претставување пред бизнис ангели и потенцијални инвеститори. Фондацијата ПСМ нуди специјализирани деловни услуги, кои вклучуваат и барање партнер. Центарот за развој на југоисточниот плански регион исто така помага при барањето партнер. Стартап Македонија користи мрежа на таканаречени „стартап амбасадори“ во други земји што го олеснуваат пристапот до меѓународните пазари за македонските стартап претпријатија. За таа цел може да се користат и ваучерите на АППРСМ, а во 2019 година 1 ваучер беше искористен за истражување на пазарот, и уште 1 за изготвување проект што е подготвен за инвестирање. Организациите на работодавачите, исто така, размислуваат во нивното портфолио да вклучат правна помош за претпријатијата што сакаат да пристапат на странски пазари.

- *Деловно вмрежување и споделување информации*

Услугите во оваа област, исто така, се подобруваат. Стартап Македонија првенствено беше формиран да служи како централна точка каде стартапите може да добијат информации за основање и за развој на нивните претпријатија. Во моментов, таму има 35 организации што обезбедуваат финансиска и нефинансиска поддршка на новоотворените претпријатија и тие ја финализираат дигиталната

платформа MKStartups Space со поддршка на ФИТР. АППРСМ го подобри својот интернет портал www.konkurentnost.mk и ги прикажува информациите што се достапни за стартапите и за другите претпријатија. Порталот сè уште не содржи понуда на услуги што ги обезбедуваат приватните субјекти на начин што е лесен за користење, на пример, нема можност за пребарување по вид на услуга, или за самопроцена што директно би ги упатила претприемачите на услугата што е најсоодветна за нив, итн. Во 2019 година, АППРСМ формираше „инфо-центар" како централна точка каде потенцијалните претприемачи и стартапите може да добијат информации за достапната финансиска и нефинансиска поддршка, можностите за инвестирање во регионот, помош при решавање проблеми, итн. Оваа услуга се обезбедува преку 8 даватели на деловни услуги. Исто така, Центрите за регионален развој обезбедуваат инфомации за достапните повици за финансирање и друга поддршка за претрпијатијата во нивните региони.

Што се однесува до вмрежувањето на претпријатијата („B2B"), коморите и организациите на работодавачите нудат можности за новите претприемачи да се поврзат со други македонски претпријатија, иако фокусот на активностите за вмрежување не е насочен кон стартапите. Здружението на бизнис-жени нуди можности за деловно вмрежување за жени претприемачи. CEED Hub заедно со CEED Македонија нуди најопширно „B2B" вмрежување наменето за корисниците од стартапите преку нивниот бизнис клуб од 700 претприемачи и организираат редовни настани што се фокусираат на можностите за корисниците од стартапите.

- ***Други нефинансиски услуги***

  Бизнис стартап-центарот организира натпревари за деловни планови за ученици во средните училишта и студенти, како и за млади нови претприемачи, што вклучуваат обука за изготвување деловен план, менторство и финансиска награда. Во текот на годините, тие поддржале 60 стартап претпријатија. Исто така, тие се вклучени во претприемачко учење и обука на наставници во формалното образование. Речиси сите јавни и приватни даватели на деловни услуги организираат настани за поддршка за стартапите и претпријатијата и обезбедуваат споделување на знаење. CEED Hub организира кампови за млади потенцијални претприемачи за осмислување бизнис. АППРСМ и Центрите за регионален развој, како и други приватни субјекти нудат општи неформални обуки за претприемачко учење за подигнување на свеста и интересот за ангажирање во претприемачка активност. Често, овие обуки се наменети за конкретни групи, како што се млади лица, жени, потенцијални социјални претприемачи, итн.

### Финансирање на нефинансиските услуги

Доминантен извор на финансирање за нефинансиските услуги се домашни и странски јавни фондови. Со исклучок на бизнис инкубаторите и услугите за заеднички работен простор, речиси сите услуги за стартап претпријатија се обезбедуваат бесплатно и се чини дека недостасува апетит за пазарни услуги и од страна на понудата и на побарувачката. За веќе етаблирани претпријатија, постојат комбинирани модели на софинансирање, како што е ваучер системот на АППРСМ преку кој се софинансираат 50% од трошоците за советување за МСП, делумно субвенционирани нефинансиски услуги на ЕБОР, котизација за учество на специјализирани обуки, итн.

Владината поддршка за нефинансиските услуги се зголемила со текот на годините. На пример, во рамките на Програмата на Министерството за економија за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновациите на МСП во 2017 година биле доделени 4,9 милиони денари за нефинансиски услуги (1,6 милиони за кластерски здруженија, 3

милиони за проекти за поддршка и развој на претприемништвото и 300.000 денари за специјализирани бизнис обуки), додека во 2019 година, средствата доделени за оваа намена се зголемиле на 14,2 милиони денари (7 милиони за кластери, 6 милиони за проекти за поддршка и развој на претприемништвото и 1,2 милион денари за специјализирани бизнис обуки). Во последните две години, Фондот за иновации и технолошки развој воведе грантови со софинансирање за основање, работење и инвестирање во деловно-технолошки акцелератори. ФИТР обезбедува 75% софинансирање до 0,5 милион денари и фондот поддржале основање на 3 вакви акцелератори со вкупно финансирање од приближно 1,5 милиони евра. Системот со ваучери за деловни консултации редовно се буџетира со 900.000 денари годишно, иако сите релевантни извештаи покажуваат дека има потенцијал и потреба за зголемување на опсегот и на влијанието.

Странските донатори и развојни програми, како што се УСАИД, ЕУ, Швајцарската агенција за развој и соработка, Јапонска агенција за меѓународна соработка (JICA), се сметаат за главни финансиери за нефинансиските услуги за стартапи и претпријатија, пред сè, преку финансирање проекти и грантови за организациите што нудат деловна поддршка.

Ваквата финансиска структура што, пред сè, се заснова врз финансирање проекти претставува предизвик за долгорочна одржливост на нефинансиските услуги, како и за можноста давателите на тие услуги да го прошират опфатот и да дизајнираат услуги/инструменти врз основа на идентификуваните потреби, наместо врз основа на приоритетите на донаторите.

### Мониторинг и евалуација на услугите за деловен развој

Што се однесува до услугите за финансиска поддршка, постојат поконзистентни информации од нивното следење и оценување, како што е бројот на новоотворени претпријатија (во случајот на мерките за самовработување) или финансиското работење и раст на финансиските претпријатија. Меѓутоа, нема достапни конкретни информации за квалитетот и влијанието на нефинансиските услуги. Давателите на услуги најчесто користат внатрешно изготвени алатки за следење за да ги мерат аутпутите во однос на услужените клиенти, паричната вредност на понудената поддршка, сектори и видови претприемачи што ги услужиле. За националните владини програми, постојат процедури за следење и оценување и барања за известување што најчесто се фокусираат на аутпутите. Овие податоци се достапни во годишните извештаи на давателите на услугите. Што се однесува до квалитетот на поддршката, давателите на услугите најчесто користат прашалници за оценување и мерење на задоволството на учесниците од обуките. Некои, како што е CEED Hub, доставуваат прашалник за оценување до нивните корисници од стартапите на секои шест месеци. Поголем број од давателите на услуги се потпираат на неформален инпут од нивните корисници за ефектот на обезбедените нефинасиски услуги.

## 4. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Според меѓународните рангирања, Северна Македонија се наоѓа повисоко отколку земјите на слично ниво, а подобро рангирани се само Ирска и Бугарија во однос на економската слобода (Табела 3).

**Табела 3. Меѓународно рангирање според условите за водење бизнис**

| Земја | Рангирање според „Дуинг Бизнис“ на СБ | Рангирање според економската слобода |
|---|---|---|
| Северна Македонија | 17 | 41 |
| Ирска | 24 | 6 |
| Словенија | 37 | 52 |
| Бугарија | 61 | 36 |
| Хрватска | 51 | 84 |
| Србија | 44 | 65 |

*Извори: Doing Business 2020; 2020 Индекс на економска слобода*

Глобалното истражување на претприемништвото (ГЕМ) укажува дека Северна Македонија има најниска претприемачка активност во однос на стартапи во споредба со споредуваните земји со 6,18 % од населението на возраст од 18-64 години кои се или нови претприемачи или сопственици-управители на нов бизнис, во споредба со 7,80 % во Словенија, 10,47% во Хрватска, и двојно повеќе, односно, 12,41% во Ирска. Во секој случај, процентот на населението што перцепира деловни можности е сличен на оној со останатите споредувани земји и тие се убедени дека ги поседуваат потребните вештини и знаење да почнат бизнис во повисок процент (60,87%) отколку нивните врсници во Ирска (42%) и Словенија (57,46%). Сепак, тие покажуваат повисок страв од неуспех отколку нивните врсници во овие две земји.

**Табела 4: Претприемачка активност и самоперцепција**

| Земја/2019 | Вкупна претприемачка активност во рана фаза (TEA) % | Перцепции на можности % | Перцепција за способности % | Страв од неуспех % |
|---|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 6.18 | 50.49 | 60.87 | 47.22 |
| Ирска | 12.41 | 50.22 | 42 | 31.39 |
| Словенија | 7.80 | 47.59 | 57.46 | 42.23 |
| Хрватска | 10.47 | 55.66 | 71.19 | 50.66 |

*Извор: ГЕМ, Глобално истражување на претприемништвото 2019г.*

Во однос на спроведувањето на Актот за мали претпријатија во владините политики во Западен Балкан и регионот, Индексот на политики за МСП 2019 укажува дека претприемачкото учење во Северна Македонија заостанува (2,82) во споредба со земјите од регионот, како што се Албанија (2,94), Србија (3,70) и Црна Гора (4,08). Исто така, земјите од регионот ја надминуваат земјата во однос на политиките за женско претприемништво со ниски 1,97 во споредба со Црна Гора со 3,46 и Србија со 4,35 (Табела 5). Во секој случај, политиките поврзани со услугите за поддршка на МСП се подобруваат. Северна Македонија беше оценета со 3,52 за услугите за поддршка на претпријатијата што ги обезбедува владата, со подобри резултати од Албанија (3,01), но не толку добри како Црна Гора (3,83) и Србија (4,33). Во однос на владините иницијативи за стимулирање на приватните услугите за поддршка на претпријатијата, земјата покажува подобри резултати од споредуваните земји со 4,39.

**Табела 5: Услуги за поддршка на МСП и претприемачкото учење (поени од 1 до 5, каде 5 е највисоко).**

| Земја/2019 | Услуги за поддршка на МСП – обезбедени од владата | Владини иницијативи за стимулирање на приватните услуги за поддршка на МСП | Претприемачко учење | Женско |
|---|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 3.52 | 4.39 | 2.82 | 1.97 |
| Албанија | 3.01 | 4.21 | 2.94 | 2.62 |
| Црна Гора | 3.83 | 4.23 | 4.08 | 3.46 |
| Србија | 4.33 | 3.91 | 3.70 | 4.35 |

*Извор: Индекс на политики за МСП: Западен Балкан и Турција 2019.*

## 5. ВЛИЈАНИЕ

И покрај високото рангирање на земјата за почнување и водење бизнис, мислењата на давателите на услуги за поддршка и експертите сметаат дека претприемачкиот потенцијал и култура во Северна Македонија не се целосно искористени. Иако инфраструктурата за поддршка е значително подобрена во последните неколку години, бројот на новоотворени претпријатија не расте значително и постои јаз меѓу перцепираните можности и конкретните претприемачки активности. Севкупниот социо-економски контекст и слабото владеење на правото создаваат ставови дека посакуваниот избор на кариера е или во јавната администрација или во странство и не се создаваат стимулативни мерки за претприемачка активност. Иако понудата на финансиска и нефинансиска поддршка за стартапи е подобрена во последните неколку години, останува стравот од неуспех, укажувајќи на тоа дека потенцијалните претприемачи сметаат дека политиките и инфраструктурата за поддршка не се доволни и конзистентни за да се преземат ризиците за основање претпријатие.

Потребни се наменски мерки за поддршка за оние што стануваат претприемачи по прв пат, комбинирани со политики за олеснување на административниот товар и трошокот за почнување бизнис. Во последните две години, воведени се нови политики во оваа област кои се надополнети со нови мерки за поддршка и финансирање, и нивните ефекти треба допрва да се оценуваат. Во недостиг на сеопфатна анализа на потребите на претприемачите и на конзистентен систем за оценување на влијанието на постојната инфраструктура за поддршка, перцепцијата на работодавачите и на експертите е дека финансиската и нефинансиската поддршка не е доволно голема и не ги опфаќа целосно постојаните потреби на стартапите и на претпријатијата. Поддршката е главно концентрирана во Скопје, а во последниве неколку години доминантниот фокус е на иновациите и на брзорастечките индустрии, што остава јазови во поддршката на поголем опсег на претпријатија. Според мислењето на практичарите и експертите во полето, сè уште постои потреба за специјализирани услуги, поддршка за пристап до нови пазари и практична поддршка со законодавството и постапките. Често, дури и кога постојат специјализирани нефинансиски услуги за различни фази од развојот на претпријатието, тие треба да се совпаѓаат со соодветни финансиски инструменти за задоволување на потребите на претприемачите. Со оглед на тоа што нефинансиските услуги за поддршка

не се поврзани со пазарот, туку во голема мера се потпираат на финансирање на проекти, има ограничувања во опсегот и конзистентноста на понудените услуги и се создава зависност од донатори во однос на можностите давателите на услугите да изградат поразновидна и сеопфатна експертска и специјализирана поддршка.

Квалитетот на образованието има суштинска улога во градењето претприемачки вештини. Иако формално има подобрување на политиките и програмите, релевантната анализа и засегнатите страни укажува на нискиот квалитет на претприемачкото учење во формалното образование што создава значителни разлики во ставовите кон претприемништвото како кариерен избор, побарувачката за деловна поддршка и претприемачките вештини. Овие разлики им создаваат притисок на давателите на нефинансиски услуги да компензираат за неуспесите на образовниот систем, што не е можно со нивните постојни капацитети и ограничени ресурси. Подобрениот квалитет на формалното образование, претприемачкото учење и синергиите со неформалните даватели на услуги би создале поттикнувачка и робустна инфраструктура за поддршка за новите претприемачи.

## 6. ОПЦИИ НА ПОЛИТИКИ

Во последните години, организациите на работодавачите лобираат за конкретни мерки поврзани со нефинансиски услуги за нови претприемачи, стартапи и МСП. Голем број од предложените мерки почнале, како што се менторски услуги, услуги за поддршка за корисници преку регионални центри, политики насочени кон посебни целни групи како што се жени претприемачи, итн. За натамошна поддршка на развојот на нефинансиските услуги, нивниот квалитет и опсег на начин што би овозможил одржлив раст на претпријатијата и претприемачките вештини, Владата треба да ги надгради и, доколку е потребно, да ги ревидира политиките и програмите со соодветните придружни ресурси, за вистинско влијание. Во таа насока, политиките треба да ги земат предвид следниве начела:

- Програмите за развој на претприемништвото треба да се стремат да обезбедат инфраструктура за нефинансиската поддршка што може да им служи на новооснованите претпријатија според потребите на претприемачите и да се надградуваат врз одржлива основа;
- Давателите на деловни услуги треба да добијат поддршка за да можат да изградат инфраструктура што: а) обезбедува разновидна понуда на стартапите и претпријатијата во различните фази од нивниот развој; б) е децентрализирана и блиска до претприемачите на кои треба да им служат, и в) ги зема предвид специфичностите на различните видови стартапи, а не само на оние во брзо растечките индустрии;
- Политиките треба подеднакво да ги поттикнуваат јавните и приватните даватели на услуги и да ја олеснат координацијата и комплементарноста меѓу нив;
- За да се постигне ефективноста, ефикасноста и влијанието, политиките за поддршка на развојот на нефинансиските услуги треба да бидат придружени од квалитетно претприемачко учење во формалното образование и политиките треба да ја олеснат прекумерната регулираност и товарот (административен и фискален) за новите претприемачи;
- Програмите за поддршка треба да овозможат флексибилност, експериментирање со различни пристапи и можности за раст и одржливост на давателите на услуги.

- Во тој поглед, има неколку опции на политики што ги разгледуваат горенаведените потреби и предизвици. Поголемиот број од предложените опции за политики се комплементарни и се надградуваат врз постојните политики воведени во последните неколку години.

Во тој поглед, има неколку опции на политики што ги разгледуваат горенаведените потреби и предизвици. Поголемиот број од предложените опции за политики се комплементарни и се надградуваат врз постојните политики воведени во последните неколку години.

## 6.1. Подобрување на нефинансиските услуги

Овој сет мерки се фокусира на подобрувањето на понудата и достапноста на нефинансиските услуги на сите потенцијални претприемачи, стартапи и мали претпријатија. Во исто време, нивната цел е да ја олеснат правната несигурност на новооснованите претпријатија. Овие политики ги вклучуваат следниве мерки:

### 6.1.1. Сеопфатна процена на потребите на потенцијалните претпријатија, стартапите и малите претпријатија

Во моментов, видот и опсегот на најголемиот број мерки за нефинансиска поддршка се засноваат врз перципираните потреби и меѓународната најдобра практика. Приватните даватели на услуги дополнително ги приспособуваат своите услуги според процената на потребите на нивните конкретни корисници. Сеопфатната процена на потребите за градење капацитети и за нефинансиска поддршка би овозможила информирани насоки за изготвување конкретни мерки. Понатаму, приватните даватели на деловни услуги би можеле да ја искористат процената за изготвување на нивните програми. Процената на потребите би ги опфатила претпријатијата во различни фази од нивниот развој од потенцијални претприемачи до стартапи, мали претпријатија во раст и во фазата на напредување на бизнисот, итн. Исто така, треба да бидат земени предвид потребите на посебните целни групи, како што се жените, младите лица, етничките малцинства и географската област (Скопје наспроти останатите делови од земјата). Анализата може да комбинира со други видови поддршка што се потребни, како што се финансиската и фискалната поддршка, и треба да се спроведува во редовни интервали за да ги опфати трендовите (на пример, на две години).

### 6.1.2. Поддршка на диверзификацијата, опсегот и достапноста на нефинасиските услуги ширум земјата

- Во моментов, повеќето услуги за нефинансиска поддршка се наоѓаат во Скопје. Регионалните центри за претприемништво (РЦП) и Акцелераторот во Велес се главната инфраструктура за поддршка на претпријатијата надвор од главниот град. За ефикасна искористеност на ресурсите и постојната инфраструктура, мерките на политиките треба да ја поддржат соработката меѓу постојните приватни даватели на услуги и РЦП за посистематски да ги прошират своите услуги на стартапите во земјата. Исто така, треба да се истражат можностите за онлајн обука и советување.
- На сите претприемачи треба да им бидат достапни бесплатни правни совети за законските барања пред да регистрираат своето претпријатие, како и во првите месеци од работењето. Голем број на оние што првпат станале претприемачи се фокусираат на изготвување на нивните деловни планови и не се запознаени со сите законски барања во различни области од работењето. Тие не се во можност да платат за професионална правна помош, а ниту еден од постојните извори на

информации не обезбедуваат резимирани, сеопфатни насоки што се лесни за користење и со соодветно толкување (покрај преземањето законски текстови). Оттука, претпријатијата често трошат неколку месеци во собирање информации и разбирање на нивните обврски, наместо да се фокусираат на спроведувањето на нивните деловни планови. Имајќи предвид дека не сите претприемачи вешто се служат со интернетот, практичните информации за овие услуги треба да се нудат преку разни канали, како што се РЦП, итн.

- Прифатливо е мерките да вклучуваат воспоставување информативни центри во АППРСМ и РЦП. За искористување на сите достапни ресурси од оваа услуга, треба да се воспостави поширока соработка со организациите на работодавачите и коморите. За поголем опфат и пристапност, влезна точка треба да биде Централниот регистар каде претприемачите ги поднесуваат документите за регистрација. Исто така, Централниот регистар може автоматски да споделува информации на сите новорегистрирани претпријатија за законските барања и за достапната корисничка поддршка. Услугата за правни совети може да се спроведе во соработка со организација или претпријатие што веќе нуди ваков вид услуги.
- Во првите две години од работењето на претпријатието, инспекциските тела треба да имаат советодавна функција, наместо да казнуваат и да контролираат. Како дел од нивните редовни активности, инспекторите треба да ги советуваат новоотворените претпријатија како да работат во согласност со законодавството. Ако во текот на нивните посети во првите две години, инспекторите забележат неправилности, тие треба да даваат совети за корективни и мерки за ублажување. Оваа мерка не бара дополнителни ресурси, а во исто време, таа ќе ја зајакне довербата на претприемачите во институциите и ќе ја подобри наплатата на данокот на долг рок.
- Во моментов, мерките за поддршка во рамките на Програмата за претприемништво, конкурентност и иновативност, како и оние што се нудат преку АППРСМ се спроведуваат преку периодични јавни огласи. Сепак, тоа не секогаш ги исполнува потребите на претприемачите, бидејќи тие често не добиваат информации на време или не веруваат дека токму тие би добиле поддршка. Услугите за поддршка (вклучувајќи ги ваучерите за менторство и советување) треба да им се понудат на сите новоотворени претпријатија. Централниот регистар може редовно да ги информира АППРСМ и РЦП за сите новорегистрирани претпријатија, по што може да следува посета за да се утврди конкретната потреба за услуги за поддршка. Врз основа на тоа, претприемачот ќе се насочи кон најсоодветните услуги според потребите. При обезбедувањето на услугите, АППРСМ и РЦП би соработувале со приватните даватели на услуги за развој на претпријатијата.
- Ваквиот таргетиран пристап во фазата на основање би помогнал да се изградат односи и соработка што може да се искористи во наредните фази од развојот на претпријатието. Тоа би им помогнало на претпријатијата да идентификуваат и да создадат побарувачка за поразновидни и специјализирани услуги за унапредување на бизнисот и за пристап на меѓународни пазари. Овие услуги треба да им бидат достапни на сите сектори независно од нивниот потенцијал за брз раст.
- Посебни целни групи, како што се жените и младите би можеле да добијат повеќе часови нефинансиски услуги во однос на другите претприемачи..
- Овие предлози би барале зголемени ресурси за нефинансиските деловни услуги. АППРСМ работи со многу скромен годишен буџет и сегашните 900.000 денари годишно за ваучери за советување не се доволни за зголемување на

диверзификацијата и опсегот на услугите што им се достапни на стартапите и на малите претпријатија. Понатаму, системот со ваучери треба да се ревидира за да се овозможи поголема флексибилност за корисниците да користат разни нефинансиски услуги обезбедени од приватни даватели на услуги (на пример, акцелераторска програма, итн.) и структурата за софинансирање (на пример, ако едно претпријатие искористило два ваучери за советување со софинансирање од 50%, наредниот треба да биде достапен со 30% јавно финансирање, итн.).

- За целосно искористување на пристапот до нови пазари и извоз на потенцијалот, политиките треба да создадат систем за техничка поддршка на МСП што ќе им помогне да ја зголемат конкурентноста и да истражат нови можности за пристап на нови пазари на национално, регионално и глобално ниво. Системот би се потпирал на соработката меѓу разни засегнати страни на национално и локално ниво и би вклучувал обука и работилници, советување, менторство, анализа на пазарот, информации, можности за вмрежување, итн. Пристапот до информации за регулативата во странските држави е од клучно значење за овој механизам за поддршка, бидејќи еден од идентификуваните недостатоци во оваа област е дека дури и кога претпријатието има потенцијал за извоз, тие не се запознаени со царинското, увозното и даночното законодавство во целната земја. Една влезна точка за ваков вид информации за сите заинтересирани МСП многу би придонела за нивната волја да ги истражуваат меѓународните пазари.

### 6.1.3. Подобрување на квалитетот преку мониторинг и евалуација

Последната Стратегија за МСП 2018-2023 година ја идентификуваше оваа потреба и веќе предвиде мерки во таа насока. Министерството за економија ја разгледа потребата за воспоставување Сектор за мониторинг и евалуација (МиЕ) што конзистентно би го оценувал влијанието на јавните политики и мерки во оваа област и постојано би ги проценувал потребите на стартапите и МСП. Изготвувањето систематска рамка за МиЕ за нефинансиски услуги е од особено значење, бидејќи тие потешко се следат и мерат отколку финансиските услуги. Структурираниот систем со задолжително периодично испраќање повратни информации од корисниците за мерките (што се целосно или делумно субвенционирани преку националните програми) би го олеснил тој процес. Доколку се покаже како функционална, рамката за МиЕ би можела да им се понуди на приватните даватели на услуги да ја користат, и на тој начин ќе се овозможи споредлива и посеопфатна евалуација.

## 6.2. Подобрување на инфраструктурата на нефинансиска поддршка (даватели на услуги)

Овие опции на политики се фокусираат на посредничката инфраструктура за поддршка, односно давателите на нефинансиски услуги, бидејќи тие се од суштинско значење за обезбедувањето разновиден опсег и квалитет на нефинансиките услуги. Слично на самите претпријатија, и нив им се потребни финансии и поддршка за ширење на портфолиото на нивните услуги, за регрутирање и задржување квалитетна експертиза и за зголемување на опфатот на претпријатија кои ги опслужуваат.

### 6.2.1. Поддршка на одржливоста на давателите на нефинансиски услуги

Финансиската поддршка е еден од главните предизвици на давателите на деловни услуги. Како што е наведено во анализата, поголемиот број понудени услуги за стартапите и за малите претпријатија зависат од финансирањето од странските донатори или од државни фондови и тие се нудат бесплатно. Понатаму, покрај трите акцелератори финансирани

од ФИТР, државните или општинските финансиски средства за организациите што нудат поддршка се многу ниски. Сè на сè, многу од нефинансиските услуги се базираат на проекти со ограничена временска рамка, и поради тоа, тие не се во можност да понудат конзистентна, долгорочна поддршка на сите целни групи и во сите области каде што утврдиле дека е потребно. Во тој поглед, јавните програми за поддршка треба да распределат повеќе средства за разни видови нефинансиски услуги (јавни и приватни) што ќе ги опслужуваат сите видови индустрии и претпријатија. Тие понатаму би можеле да бидат надополнети со посебни потпрограми за жени, млади и етнички малцинства.

Покрај тоа, механизмот со ваучери треба да биде дизајниран делумно да субвенционира поширок опсег нефинансиски услуги што ги обезбедуваат приватни даватели на услуги (а делумно да бидат платени од претприемачот). Трошокот за нефинансиските услуги би можел да биде вклучен како дел од финансиската поддршка/инвестиција. Двата пристапи треба да се засноваат врз начелото дека претприемачот ќе одлучи кој давател на услуги да го користи. Ова, покрај одржливоста на давателите на услуги, ќе доведе до повеќекратни придобивки, како што се: а) подобрен квалитет на услугите; б) претприемачите внимателно ќе го изберат видот услуги што им се потребни и во кои сакаат да инвестираат, наместо да ги земаат „здраво за готово“ бидејќи се бесплатни, и в) тоа ќе ја поддржи рамката за мониторинг и евалуација, бидејќи давателите на услуги што се субвенционирани од владата би доставувале извештаи во согласност со рамката за МиЕ.

### 6.2.2. Подобрување на квалитетот на претприемачкото учење во формалното образование

Со оглед на тоа што претприемачкото учење во формалното образование е една од најслабите алки во спроведувањето на политиките за МСП (како што е забележано во Индексот на политики за МСП 2019), потребно е да се спроведат дополнителни заложби и конкретни мерки во овој сегмент. Како што беше наведено претходно, слабата основа од претприемачкото знаење создава дополнителен напор за неформалните даватели на услуги кои немаат инфраструктурна мрежа и опфат што им е достапен на формалните образовни институции. Најголемиот јаз е идентификуван меѓу обуката на наставниците и кариерното советување. За да се поддржат добри мерки за квалитетна обука за наставници, треба да се создадат врски и директна соработка меѓу училиштата/наставниците и давателите на нефинансиски услуги. Тие би можеле да обезбедат практични обуки за претприемништво за наставниците и, во исто време, да поттикнат претприемачки начин на размислување и возбуденост за оваа тема. Исто така, тие би можеле заеднички да изготвуваат практични проекти за учениците, да обезбедат можности за практиканство, итн. Покрај тоа, кариерното советување треба формално да го вклучува претприемништвото, односно основањето сопствено претпријатие како изводлива и посакувана кариерна патека.

### 6.2.3. Олеснување на координацијата меѓу и низ секторите и давателите на услуги

Во моментов, освен иницијативите како Стартап Македонија, нема координација меѓу засегнатите страни вклучени во давањето услуги за нефинансиска поддршка. Јавните политики треба да се стремат да го олеснат меѓусекторскиот дијалог и координација и соработка меѓу јавните и приватните даватели на услуги. Многу од горенаведените мерки нудат опции за ваква соработка. Исто така, треба да се поттикнуваат синергиите меѓу академската заедница, давателите на услуги, институциите и големите компании за ефикасно да се искористат ограничените ресурси и придобивките од разновидната експертиза што се гради во различни сектори. Ова е особено значајно за ширењето на нефинасиските услуги од развојни до специјализирани и технички услуги. Приватните

даватели на нефинансиски услуги треба да бидат вклучени во изготвувањето на политики и мерки и можат да поддржат процеси како што се анализа на потребите и МиЕ.

## 7. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

Тековните клучни документи за политики, како што е Стратегијата за МСП на РСМ 2018-2023 година и Стратегијата за развој на женското претприемништво 2019-2023 година идентификуваа многу од постојните недостатоци и предизвици и обезбедуваат солидна рамка за подобрување на пристапот до квалитетни услуги за развој на претпријатијата. Предложените мерки се комплементарни со овие политики и целосно ги поддржуваат нивните цели. Се препорачува да се спроведат сите горенаведени предлози за политики за да се создаде сеопфатен систем за поддршка на стартапите и малите претпријатија и за да се подобри претприемачката култура во земјата.

Предложените мерки во рамките на „6.1.2. Поддршка на диверзификацијата, опсегот и достапноста на нефинасиските услуги ширум земјата" што се однесуваат на новооснованите претпријатија треба да се спроведуваат во пакет во мерките од Програмата за поддршка на новооснованите претпријатија и да бидат надополнети со финансиска поддршка и други мерки. Финансиските проекции треба да се засноваат врз постојните статистички податоци во однос на бројот на новорегистрирани претпријатија во последните неколку години на национално, како и на регионално и на општинско ниво. Во Процената на регулаторното влијание (ПВР), не треба да се земат предвид само финансиските импликации, туку и ефектите на овие политики врз зајакнувањето на претприемачката култура и економското влијание.

При подеталното утврдување на јазот меѓу постојниот опсег на спроведените мерки и реалните потреби и функционирањето на претпријатијата, се препорачува соработка со здруженијата на претпријатијата, како што се организациите на работодавачите и давателите на услуги. Дополнително, се препорачува мерките да се спроведат во пилот-фаза што би овозможило полесно приспособување додека тие не постигнат оптимални резултати.

Во врска со претприемачкото учење, од суштинско значење е мерките за услугите за нефинансиска поддршка да се спроведуваат паралелно со подобрувањето на политиките за претприемачко учење во рамките на формалното образование. Мерките за претприемачко учење треба да вклучуваат значителен дел практична работа, имајќи предвид дека претприемништвото се учи преку практика и искуство.

Политиките треба да се изготвуваат со поширока вклученост и консултации со сите клучни засегнати страни, образовни институции, министерства, агенции, организации на работодавачи и комори, даватели на услуги, итн. Само со ваков конзистентен и партиципаторен пристап може да се постигнат одржливи и практични решенија што ќе се справат со потребите на сите заинтересирани страни.

## 8. ОПРАВДАНОСТ

Предлозите за политики наведени во овој документ се засноваат врз препораките на организациите на работодавачите и на останатите засегнати страни што беа интервјуирани за целите на анализата. Нивната оправданост се заснова врз постојните податоци, анализи и истражување, како и на целната анализа на нефинансиските услуги

спроведена за таа цел. Мерките на предложените политики се објаснети подетално во Поглавје 6. Некои од мерките се однесуваат на постојните политики и програми, додека во овој документ се наведуваат дополнителни предлози за подобрување и надградување.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) се достапни за дополнителни консултации и дискусии со релевантните министерства, институции и останати засегнати страни за натамошно развивање на мерките на начин што овозможува нивна практична реализација. Веруваме дека предложените мерки за политики ќе доведат до динамична инфаструктура за нефинансиска поддршка што ќе донесе придобивки за постојните и за новите претприемачи, и конечно, на претприемачката култура во земјата.

## 9. СПРОВЕДУВАЊЕ

Некои од предложените мерки на политиките може да се спроведат во фази, иако со претходно утврден динамички и акциски план за да се осигури посветеност и да им се овозможи на клучните засегнати страни во спроведувањето да планираат и да се подготват.

Потребна е дополнителна анализа и пресметка на финансиските импликации за да се пресликаат предлозите во остварливи и ефикасни мерки на политиките. Конечно, потребни се дополнителни финансиски и институционални ресурси за стратешки политики и програми што соодветно ќе одговорат на потребите и идентификуваните предизвици.

Политиките за поддршка на претпријатијата треба да се спроведуваат на децентрализиран начин во согласност со можностите и капацитетите со цел услугите да бидат доставени колку што е можно поблиску до претприемачите.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) се посветени на обезбедување поддршка за спроведувањето на предложените мерки. Улогата на организациите на работодавачите е од особено значење во дистрибуирањето информации, поврзувањето на претпријатијата и институциите и обезбедувањето поддршка на мерките за градење на капацитетите на претпријатијата.

## 10. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Како што е наведено во една од мерките, со цел да се постигнат очекуваните резултати и влијанија на предложените мерки, потребно е да се воспостави систем за следење и оценување уште на самиот почеток. Исто така, потредно е да се утврдат клучни показатели што нема да се преобемни (за да се избегне административен товар), а ќе дадат јасна слика за влијанието на мерките за нефинансиски услуги за севкупната претприемачка активност. Показателите не треба да ја отсликуваат само општата слика, туку тие треба да дадат сегрегирани податоци во однос на користењето и достапноста на финансиските услуги (според бројот на различни претпријатија, по сектори, големина, географска распределба, видови услуги, итн.), како и во однос на нивниот квалитет.

На почетокот, значајно е да се спроведе анализа на спроведувањето и резултатите од постоечките политики и мерки. Тоа ќе овозможи воспоставување на соодветен систем за следење и оценување за идните предлози за политики.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) ќе продолжат да ја следат состојбата и постигнатиот напредок во оваа област. Во согласност со нивните можности, тие ќе изготвуваат извештаи и анализи што ќе им бидат достапни на институциите, деловната заедница и пошироката јавност со цел да придонесат за унапредувањето на политиките во овој сегмент.